ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

4 ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ

ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА “ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ #4 – ЗЕЛЕНИ ПРОЕКТИ”

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Што ни е целта?

- Да ги поттикнеме учениците преку истражувачки активности да дојдат до креативни и иновативни решенија за зачувување и унапредување на животната средина како еден од основните приоритети како во светот така и кај нас.
- Наставниците и учениците да работат заедно своите идеи да ги претворат во успешни проекти и да соработуваат во насока на остварување на заеднички цели.
- Да овозможиме услови, со детската љубопитност за осознавање на светот учениците да ги преиспитуваат однапред дефинираните вистини.

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука



Кој може да аплицира?

Може да аплицира секое основно или средно училиште кое е:

- Основано согласно Законот за основното образование односно Законот за средно образование
- Запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија и
- Поседува Решение за верификација донесено од Министерството за образование и наука

Истражувачки тим

Тимот за спроведување на проектот треба да се состои од:

- 1-2 наставници - лидери на проектот
- 5-10 ученици

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука



Какви истражувачки проекти поддржуваме?

- Истражувачките проекти треба да бидат од областите на *природните* и *техничките* науки
- Процесот на истражување треба да се основа на *„научен метод“*, односно да вклучува формулација, тестирање и потврда/модификација на хипотеза по пат на експеримент и набљудување
- Предложените проекти треба да резултираат со видливи резултати, како што се на пример: истражувачки есеј, изработка на проектна задача, изработка на прототип, аудио-визуелен материјал, дигитален материјал и слично.
- Предложените истражувачки проекти треба да бидат комплементарни на наставните програми и да соодветствуваат со когнитивните способности на возрасната група.
- Резултатите од истражувачкиот проект треба да бидат применливи во зачувување и унапредување на животната средина и биодиверзитетот.
- Проектните активности можат да вклучуваат модел на далечински активности, активности спроведени индивидуално од учениците во домашна средина, хибриден модел на далечински активности во комбинација со физичко присуство и активности во мали групи, како и активности со физичко присуство кои се во согласност со протоколите за заштита од Ковид-19.
- Времетраењето на истражувачкиот проект може да биде најмногу 12 месеци.

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука



Прифатливи трошоци

Трошоците предвидени во буџетот на проектот треба да соодветствуваат на активностите предвидени во проектната апликација.

Трошоци подобни за финансирање се:

- Набавка и/или изнајмување на опрема за истражување и развој (лабораториска опрема, дигитална опрема и слично)
- Набавка на потрошни материјали за истражување и развој (вклучувајќи и канцелариски материјал)
- Трошоци наменети за изработка на промотивни материјали до 10.000 (десет илјади) денари
- Административни трошоци (банкарски провизии, поднесување на годишна сметка за наменската сметка на проектот, трошоци за објава на оглас за јавни набавки)

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Што се оценува?

- Квалитет на предлог-проектот
- Применливост на резултатите од истражувањето
- Капацитет на проектниот тим
- Усогласеност на предлог-проектот со целите на јавниот повик

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Особено се охрабруваат проекти кои:

- Имаат интердисциплинарен карактер
- Предвидуваат инклузивен пристап во формирањето на тимовите (имаат еднаква родова застапеност, вклучуваат деца со различна етничка припадност, деца со посебни потреби, деца од различни возрасти и сл.)
- Се поднесени од училишта од рурални средини

Оценување и избор?

I. Административна проверка на пријавите (дали пријавата е комплетна и во согласност со условите за подобност наведени во јавниот повик)

II. Оценување:

- Прва оцена на предлог-проектите (претселекција) ја врши Комисијата за оценување и избор
- Селекција на најдобри предлог-проекти - по презентација на претселектираните предлог-проекти пред Комисијата за оценување и избор

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Состав на Комисијата за оценување и избор

Комисијата за оценување и избор се состои од 5 члена:

- Претставник на Фондот за иновации и технолошки развој
- Претставник на Министерството за образование и наука
- Претставник од Бирото за развој на образованието
- Претставници од партнерските организации



ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Награди

- Вкупниот буџет за овој предизвик изнесува **3.000.000 (три милиони) денари**
- Ќе бидат доделени награди во две категории:

  Категорија 1: Истражувачки проекти во основното образование

  Категорија 2: Истражувачки проекти во средното образование
- Буџетот на поединечен предлог проект може **да биде минимум 100.000 (сто илјади) денари** и не може да надминува **200.000 (двеста илјади) денари**.
- **Наставниците кои ќе ги предводат наградените тимови** за успешно спроведениот проект ќе добијат и награда во **вкупен износ од 30.000 (триесет илјади) денари**, која ќе можат да ја искористат за набавка на персонален компјутер, таблет, печатач и/или друг тип на ситна дигитална опрема применлива во наставниот процес.

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Начин на пријавување

Секој натпреварувач треба да:

- Поднесе Проектна апликација со Буџет на проектот, пополнета, потпишана и печатирана во образец определен од страна на Фондот, скенирана во PDF формат
- Образецот на Проектната апликација е достапен и може да се преземе од интернет страницата на Фондот преку копчето „ПРЕЗЕМИ ДОКУМЕНТАЦИЈА“.
- Поднесувањето на Проектната апликација се врши со пополнување на основни податоци и прикачување на Проектната апликација преку копчето „АПЛИЦИРАЈ“.
- Документите потребни за аплицирање се достапни на интернет страницата на ФИТР – www.fitr.mk

ПОВИКОТ Е ОТВОРЕН: од 17.03.2021 до 20.04.2021 до 23.59 часот

За сите дополнителни информации можете:

- Да ни пишете на електронската адреса: predizvikzamladi@fitr.mk
- Да се јавите на телефонскиот број: +389 (0) 23145258